Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за месна самоуправа и
социјална заштита

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-427
mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk

Согласно Програмата за месна самоуправа (капитални расходи) - ДА0, Подпрограма за Месна самоуправа (тековно оперативни расходи) Д10 на Општина Кисела Вода за 2025 година арх.бр.09-11562/9 од 27.12.2024 год. (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1 од 15 Јануари 2025 год.) и согласно Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти-куќи во Општина Кисела Вода за 2025 година со бр.09-2367/7 од 14.03.2025 година вклучувајќи ги и измените донесени од Советот на општина Кисела Вода во врска со Правилникот со бр.09-3152/5 од 04.04.2025, 09-1622/24 од 26.02.2025 општина Кисела Вода објавува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-4929/3
20-05-2025 год.
СКОПЈЕ

## ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОПРАВКА И САНАЦИЈА НА КРОВНИ ПОКРИВАЧИ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ЗА КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ И ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИ КРОВНИ ПОКРИВАЧИ НА ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ-КУЌИ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2025 ГОДИНА

### I. Општи информации

**1. Краток опис на програмата на Јавниот повик:**
Предмет на овој Јавен повик е финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти-куќи во Општина Кисела Вода за 2025 година односно користење на финансиски средства предвидени во Буџетот на општина Кисела Вода за 2025 година, со намена за надоместување на дел од трошоците направени за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување или замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти-куќи во Општина Кисела Вода за 2025 година.
Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на општина Кисела Вода преку Програмата на секторот за Месна самоуправа од надлежност Д за 2025 година во износ од 3 000 000,00 денари.
Финансиските средства ќе се користат за делумен надомест на средствата на заедниците на сопственици на посебни делови и управителите за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување во износ до 50% од вкупната вредност, но не повеќе од 300 000,00 денари или замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти-куќи во износ до 50% од вкупната вредност, но не повеќе од 50 000,00 денари во Општина Кисела Вода за 2025 година на база прв дојден-прв услужен.
**2.Право на учество на Јавниот повик:**
Право на учество ќе имаат сите колективни станбени објекти кои имаат регистрирано заедница на сопственици на станови или имаат избрано управител на станбените згради на подрачјето на општина Кисела Вода како и сопственици на индивидуални станбени објекти-куќи на подрачјето на општина Кисела Вода а кои ги исполнуваат условите пропишани во овој јавен повик и истите ја обезбедиле целокупната потребна документација согласно позитивните законски прописи (проекти, одобренија). Општината не ги субвенционира градежните работи.
**3.Критериуми и услови за учество:**
ЗА КОЛЕКТИВНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ:
-Пополнето Барање потпишано од станбен управител,
-Носителот на Апликацијата да е носител на правото на сопственост врз објектот за кој се аплицира,
-Промената може да се изврши само во рамки на постоечкиот кровен покривач
-Да се регистрирани како Заедници на сопственици или со заедницата да управува правно лице – Управител, согласно Законот за домување, за што се доставува решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице – управител.
-Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица, или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – решение од ЦР на РСМ или да достави Договор со фирмата управител која ја застапува заедницата на колективниот станбен објект,
-Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци) Појаснување: потребно е да се достави имотен лист за секој стан засебно, со кој ќе се потврди сопственоста на апликантите или листа на сопственици од АКН- Агенција за катастар на недвижности.. Имотните листови да се достават во оригинал или нотарски заверена копија,
-Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – Имотен лист/листови со кој се докажува сопственоста на секој стан засебно или да достави листа на сопственици од АКН- Агенција за катастар на недвижности,
-Станбените згради за колективно домување да се постари од 20 години, доказот за старост на колективниот станбен објект се потврдува со Изјава заверена на нотар, или со достава на купопродажен договор за стан (доволен е купопродажен договор на еден од сопствениците),
-Заедницата на сопственици/Управител на станбени згради да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на кровен покривач (потпишана од овластено лице и печатирана) и дека се согласни да учествуваат со сопствени средства за дел од вкупниот износ за санација-поправка на кровен покривач (во прилог кон одлуката да достават список со потписи од 50% плус еден сопственик), да е архивски заверена,
-Договор со Изведувачот за поправка или санација на кровниот покривач и зверена фактура (оригинал) по промената на азбестниот покривач
-Договор со надзор и извештај по завршувањето на санацијата/поправката,
-Безбедно транспотирање и одлагање на азбесниот покривач до надлежно ЈП под контрола на комисијата формирана од страна на Градоначалникот за таа намена,
-Фотографии од постоечката состојба и подоцна од новата променета состојба.
ЗА ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ (КУЌИ):
-Пополнето Барање, потпишано од сопственикот на индивидуален станбен објект (куќа) и истиот да е носител на правото на сопственост врз објектот за кој се аплицира,
-Промената може да се изврши само во рамки на постоечкиот кровен покривач,
-Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 месеци).Имотните листови да се достават во оригинал или нотарски заверена копија,
-Индивидуалните станбени објекти (куќи) да имаат постоечки азбестен кровен покривач,
-Изјава од сопствникот на индивидуалниот станбен објект дека е согласен да изврши замена на азбестен кровен покривач и дека е согласен да учествува со сопствени средства за дел од вкупниот износ за замена на кровен покривач (Изјавата да биде нотарски заверена),
-Договор со Изведувачот за поправка или санација на кровниот покривач и зверена фактура (оригинал) по промената на азбестниот покривач,
-Безбедно транспотирање и одлагање на азбесниот покривач до надлежно ЈП под контрола на комисијата формирана од страна на Градоначалникот за таа намена,
-Фотографии од новата променета состојба без азбестен покривач.,
НАПОМЕНА: Апликантите мора прво да добијат известување дека се потенцијални корисници, потоа да почнат со промена на кровниот покривач додека пак во однос на исплатата од страна на Општината истата ќе се реализира по доставената завршна ситуација потпишана од сите споменати субјекти кои се вклучени во постапката.
**5.Комисија:**
-За утврдување на исполнетоста на условите за финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти-куќи во Општина Кисела Вода за 2025 година, Градоначалникот на општина Кисела Вода донесе Решение за формирање на Комисија од 5 члена со арх.бр.08-4924/1 од 20.05.2025 година,
-Комисијата е составена од Претседател и 4 члена,

-Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара дополнителна документација доколку смета дека е тоа потребно,
-Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата ја утврдува исполнетоста на предвидените критериуми и потребната документација и доставува Предлог до Градоначалникот на општина Кисела Вода за усвојување или неусвојување на барањета за добивање на предвидените финансиски средства по завршувањето на поравките/санациите и истата изготвува Записник кој го доставува до Градоначалникот .
-Градоначалникот на општина Кисела Вода врз основа на Предлогот и Записникот доставен од Комисијата преку службите носи Решение за исплата на предвидените средства за предвидената намена.

**Временска рамка и користење на средствата:**

-Јавниот повик ќе трае се до исцрпувањето на предвидените финансиски средства за 2025 година започнувајќи со денот на објавувањето во печатен медиум на територијата на РС Македонија а истиот ќе биде објавен и на WEB сајтот на општина Кисела Вода.
-Барањата за финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти-куќи во Општина Кисела Вода за 2025 година за пријавување на Јавниот повик, подносителите може да ги подигнат од архивата на ОКВ или од WEB страната на општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk.
-Пријавите се доставуваат во затворен и запечатен коверт, без означување на субјектот кој ја поднесува пријавата до архивата на општина Кисела Вода, со назнака: Јавен повик за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во општина Кисела Вода.

За дополнителни информации:
Контакт телефон: 02 2785-427

Комисија за спроведување и реализација на проект
"Финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти-куќи во Општина Кисела Вода за 2025 година"

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРОЕКТ „ПОПРАВКА И САНАЦИЈА НА КРОВНИ ПОКРИВАЧИ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ЗА КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ И ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИ КРОВНИ ПОКРИВАЧИ НА ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ (КУЌИ)“ ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

**1. Податоци за станбената зграда (секој влез посебно) и индивидуален станбен објект (куќа):**

| | |
|---|---|
| ОПШТИНА | |
| АДРЕСА | |
| БРОЈ НА КАТОВИ | |
| БРОЈ НА СТАНОВИ | |
| БРОЈ НА ВЛЕЗОВИ | |
| ГОДИНА НА ГРАДБА | |

**2.Начин на управување со станбената зграда (заокружи):**
- Заедница на сопственици
- Управител

**3.Податоци за правното/физичкото лице/заедницата на сопственици:**

| | |
|---|---|
| НАЗИВ | |
| БРОЈ НА ДОГОВОРОТ ЗА УПРАВУВАЧКИ УСЛУГИ/ОДНОСНО БРОЈ НА СТАТУТОТ НА ЗАЕДНИЦАТА НА СОПСТВЕНИЦИ | |
| ДАТУМ | |
| ЕДБ | |
| БАНКА ДЕПОНЕНТ | |
| ЖИРО СМЕТКА (ОД РЕЗЕРВЕН ФОНД ЗА ЗГРАДИ | |
| ЕМБГ | |
| ОДГОВОРНО ЛИЦЕ | |
| ТЕЛЕФОН | |

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-427**
**mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk**

## 4.Прилог листа на документи

| |
|---|
| 1. |
| 2. |
| 3. |
| 4. |
| 5. |
| 6. |
| 7. |
| 8. |
| 9. |
| 10. |
| 11. |
| 12. |
| 13. |
| 14. |
| 15. |

## 5.Потпис за прифаќање на условите на јавниот повик

| | |
|---|---|
| ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗАЕДНИЦА НА СОПСТВЕНИЦИ | |
| УПРАВИТЕЛ | |
| СОПСТВЕНИК НА ИНДИВИДУАЛЕН ОБЈЕКТ-КУЌА | |

## 6.Барањето го пополнил и одговара за точноста на податоците:

| | |
|---|---|
| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
| ПОТПИС | |
| БРОЈ НА ТЕЛЕФОН ЗА КОНТАКТ | |

**ДАТУМ:** ____________________________